ДГМ
MAG

ДРУШТВО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА
MACEDONIAN ASSOCIATION FOR GEOTECHNICS

Врз основа на член 17 и 35 од Статутот на Друштвото за геотехника на Македонија (ДГМ), Претседателот на ДГМ, за **27.2.2026** год. (петок) со почеток од 12:00 ч. свикува

**ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА ДГМ**

со следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

1) Избор на работни тела на Собранието
2) Усвојување на Записник од претходното Собрание
3) Извештај на верификационата комисија
4) Предлози за доделување на стипендии „Проф. д-р Васил Витанов“ на студенти од прв и втор циклус геотехничко инженерство
5) Предлог одлука за воведување на признание - Најдобро остварување во областа на геотехниката
6) Предлози за доделување на Признанија и Благодарници на ДГМ
7) Одлука за доделување на награда за изработен докторат од област на геотехниката
8) Извештај за работата на ДГМ во 2025 год.
9) Извештај за финансиска состојба
10) Годишен план за активности на ДГМ во 2026 год.
11) Презентација на докторска дисертација (д-р Тони Китановски)
12) Разно
13) Стручно предавање: Landslide risk management in Italy: practice and perspectives, prof. Settimio FERLISI, University of Salerno, Italy.

Коктел

Забелешка:
- Годишното собрание ќе се одржи во Комора на овластени архитекти и овластени инженери.
- Доколку сте спречени да земете учество во работата на Собранието, Ве молиме својата согласност или сугестии да ги испратите по електронски пат.

Со почит,

Претседател на ДГМ,

Во Скопје, 20.2.2026 год.

Проф. д-р Игор Пешевски

# ЗАПИСНИК ОД ГОДИШНОТО СОБРАНИЕ НА ДГМ
# ОДРЖАНО НА 21.2.2025 ГОД.

Врз основа на член 17 и 35 од Статутот на Друштвото за геотехника на Македонија (ДГМ), Претседателот на ДГМ, на **21.2.2025** год. во **12:00 ч.**, свика Годишно собрание со

**ДНЕВЕН РЕД**

1) Избор на работни тела на Собранието
2) Усвојување на Записник од претходното Собрание
3) Извештај на верификационата комисија
4) Предлози за доделување на стипендиите „проф. д-р Васил Витанов“ на студенти од прв и втор циклус геотехничко инженерство
5) Предлози за доделување на Признанија и Благодарници на ДГМ
6) Предлог одлука за воведување и одлука за доделување на награда за изработен докторат од област на геотехниката
7) Извештај за работата на ДГМ во 2024 год.
8) Извештај за финансиска состојба
9) Одлука за избор на нов претседател на Одделение на млади геотехничари за мандатен период 2025-2027
10) Одлука за ангажман на надворешен соработник за одржување и ажурирање на веб страна за Eurock 2026 и веб страната на ДГМ
11) Годишен план за активности на ДГМ во 2025 год.
12) Разно
13) Стручно предавање: Anıl Yunatcı, Ph.D., Geotechnical Engineer & Managing Director at Geodestek Ltd. Sti. “"Data-Driven Decision Making in Geotechnical Engineering Using Field Performance Monitoring”
14) Презентација на докторска дисертација (Бојан Јаневски)

Собранието беше отворено од Претседателот на ДГМ, вонр. проф. д-р Игор Пешевски, кој им се заблагодари на членовите за нивното присуство.

По усвојувањето на точките од дневниот ред, се пристапи кон нивен претрес, имајќи предвид дека материјалите беа претходно проследени до членовите на ДГМ.

1) Избор на работни тела на Собранието:
   За работните тела на Собранието беа предложени и потврдени: работно претседателство – д-р Игор Пешевски, д-р Драган Димитриевски и д-р Јулијана Бојаџиева; верификациона комисија д-р Наташа Неделковска, д-р Елена Ангелова; верификувачи на записникот – Васе Витанов и м-р Бојан Јаневски; додека записникот го водеше д-р Бојан Сусинов.

2) Усвојување на Записник од претходната седница
Записникот од претходната седница беше усвоен едногласно.

3) Извештај на верификациона комисија
Комисијата извести дека се исполнети условите за полноправно одлучување на Собранието.

4) Одлука за доделување на стипендијата „Проф. д-р Васил Витанов"
Стипендијата едногласно беше доделена на студентите кои ги исполнуваат условите за добивање на истата.

5) Предлози за доделување на Признанија и Благодарници на ДГМ

a. Одлука за Доделување признание за Почесен член на проф. Дитмар Адам од Технички универзитет Виена, Австрија.

Претседателот на ДГМ прочита куса биографија на проф. Дитмар Адам и го претстави неговиот придонес за работата и развојот на ДГМ, поттикнување и зајакнување на професионални, инженерски научни и техничко-технолошки идеи, трансфер на научно-истражувачки и проектантски знаења и информации помеѓу наставно-научните, стручните меѓународни друштва и истражувачките организации од областа на геотехниката, одржување на стручни предавања во рамки на националните геотехнички собири и конференции за млади инеженери и студенти-после што даде предлог на проф. Дитмар Адам да му се додели признание за Почесен член на ДГМ.

b. Одлука за Доделување признание за Заслужен член на проф. д-р Благоја Маркоски

Претседателот на ДГМ прочита куса биографија на проф. Маркоски и го претстави неговиот придонес за развојот на ДГМ, со нагласок на стимулирање на современиот развој на науката, едукацијата и практиката во пошироката областа на геотехниката, поврзано со аспектите на одржливо управување со природните ресурси и природни реткости, после што даде предлог на проф. Благоја Маркоски да му се додели признание за Заслужен член на ДГМ.

c. Одлука за доделување на Благодарници на ДГМ

Согласно Правилникот за доделување на признанија на ДГМ, а имајќи го предвид севкупниот доприност во областа на геотехниката во државата и пошироко, како на научен така и на професионален план, беше даден предлог за доделување на Благодарници на нашите долгогодишни членови: Драги Атанасовски, Љубомир Китановски, Душко Спировски, Маја Петровска, Дончо Божинов.

Како долгогодишни поддржувачи на работата на ДГМ, Благодарници им беа доделени на компаниите Geobrugg AG, FRIEDR. ISCHEBECK GMBH, STATIKER d.o.o., GEODESTEK Ltd. Şti.

Предлозите беа усвоени едногласно.

6) Предлог одлука за доделување на награда за Изработен докторат од област на геотехниката
Претседателот на ДГМ ја образложи предлог одлуката која се доделува во насока на поддршка на новодокторираните инженери од областа на геотехниката, која првенствено е замислена да даде нивен стимул за понатамошно унапредување на знаењето во областа.
Потоа беше ставена на гласање предлог одлуката за доделување на признанието на д-р Бојан Јаневски.
Предлог-одлуката беше усвоена едногласно.

7) Извештај за работата на ДГМ во 2024 год.
Претседателот ги презентираше активностите на членовите на ДГМ во 2024 год., а меѓу позначајните се издвојуват:

- Јануари-февруари: Подготовки за Годишно собрание за 2024 год. Учество на неколку наши членови (преку видеоконференциска врска) на $3^{rd}$ Int. Conf. on ACE Forensic Engineering, Korean Geotechnical Society, 23-25.1.2024; Дадена поддршка за Живко Поповски - Цветин (наш поддржувач при DECGE) при номинација за Нобелова награда за мир; Учество на претседателот на ДГМ на $14^{th}$ Austrian Geotechnical Conference, како почесен гостин, на покана од проф. Адам, 01-02.2; Одржано Годишното собрание за 2023 год., со повикано предавање на визитинг професор Р. Улусај од Турција: "Main geotechnical characteristics of the 6 February 2023 Kahramanmaraş doublet earthquakes of Türkiye and lessons learned" 23.2.; Активности поврзани со организација на EYGEC2024, во најголем дел реализирани од одделение за млади геотехничари.

- Март-април: на 11.2. во Лондон е одржан $3^{rd}$ ISSMGE European National Societies Assembly, каде ДГМ беше застапено од проф. д-р Сл. Мицковски; Во периодот 27.2.-03.3. одржан е состанок на Одбор на ISRM, во Коста Рика на кој учествуваше проф. М. Јовановски, во својство на потпретседател на ISRM – Одборот одобри ISRM комисија на тема Risks and Reliability in Rock Slope Engineering, формирана на иницијатива на проф. Јовановски; на 02.4. е одржан состанок со Heritage time capsule (HTC) тимот на ISSMGE, во врска со организирање на сесија во рамки на EYGEC 2024; На 18.4. проф. Јовановски одржа online презентација на труд во рамки на $4^{та}$ Меѓународна конференција за геотехничко инженерство во Ирак, каде ДГМ беше коорганизатор а наши членови дел од научниот одбор; На 18-19.4. во КОАОИ и на ГФ од претставници на компанијата Arcelor Mittal се одржаа три предавања; На 24.4. поголем број членови на ДГМ учествуваа на Webinar „Second Generation of Eurocode 7 – Rock engineering" во организација на ISSMGE ERTC10, CEN/TC 250/SC7 и NEN.

- Мај-јуни: во периодот 07-10.5. се одржа $8^{ма}$ Меѓународна конференција за земјотресно геотехничко инженерство (8ICEGE) во Осака (проф. Вл. Шешов, д-р Е. Ангелова), каде, заедно со Хрватското геотехничко друштво, е успешно поднесена кандидатура за организирање на 9ICEGE; На 15.5. на Меѓународниот балкански универзитет (МБУ) во Скопје се одржа Erasmus+ Spring International Staff Week, на кој д-р Ајдин Демир, од Универзитетот Сакарја во Турција одржа предавање и работилница на тема градежништво и компјутерско инженерство; од 15 до 18 мај во Белград се одржа 6-ти Регионален симпозиум за свлечишта во јадранско-балкански регион ReSyLAB. Повеќе членови на ДГМ земаа значајно учество, со повикани и клучни предавања, како водители на сесии и презентери, д-р Неделковска доби награда за најдобар постер. Остварени се средби со потенцијални предавачи за Eurock2026 и во врска со организација на следен Resylab (планиран за 2027 година во Македонија); На 16 и 17.5 во рамки на „Геотехнички денови во Комората", стручно предавање „Искуства и стратегии за справување со нестабилности кај косините и појавата на свлечишта во Јужна Италија" одржа доц. д-р Вито Тагарели од Политехничкиот универзитет во Бари. Тој воедно одржа и предавање „Свлечишта предизвикани од интеракцијата помеѓу косината, вегетацијата и атмосферата и решенија базирани на природни материјали" за студентите на прв и втор циклус студии на ГФ; На 17.5. во КОАОИ беше реализирана работилница за „Проектирање на потпорни конструкции од армирана земја"; На 30.5. проф. Јовановски учествуваше на Шести конгрес на Македонско географско друштво во Охрид; Во периодот 28-30.5 докторанд Н. Петров учествуваше на тренинг школа во Мадрид, Energy Geostructures: Implementation, во рамките на COST CA21156 FOLIAGE;

На 24.6. Нико Бруса и Пол Киган од Тејлор Инженеринг, Италија, одржаа предавање “Sustainable earthworks and soil stabilisation with innovative geosynthetics and geosystems” во КОАОИ; Во периодот 25-29.6 во Демир Капија се одржа 28ма Европска конференција за млади геотехничари - EYGEC 2024, што беше централен настан за ДГМ во 2024 год. Учествуваа повеќе од 40 млади геотехнички инженери. Во реализацијата голем напор вложија младите геотехнички инженери од ДГМ, со поддршка на поискусните членови, што резултираше со многу успешна организација. Во рамки на неа, покрај другите активности, од страна на ИЗИИС беше презентирана мобилната лабораторија МОБИЛАБ; Во целиот овој период се преземаа активности поврзани со изработка на интернет-страница за Eurock2026 и обновување на интернет страницата на ДГМ.

- Јули-август: во периодот 30.6-05.7. на 18-та Светска конференција за земјотресно инженерство (WCEE2024) во Милано учествуваа проф. Шешов, проф. Бојаџиева, проф. Едип, м-р Д. Ивановски, д-р Ангелова; Во Варшава се одржа Петтата конференција EGRWSE (04-06.7), каде свои трудови презентираа колегите проф. К. Доневска и проф. Папиќ и се оствариja контакти со бројни истражувачи од светот во полето на заштитата на животната средина; На 09.7. е одржано поканетo предавање на проф. Бојаџиева на семинар Recent work from European funded projects на geotechnical weekly meeting при UCLA, USA; Во периодот 15-19.7. проф. Јовановски и проф. Пешевски учествуваа на Eurock2024 во Аликанте, Шпанија, каде имаа презентација на труд и водење на сесија; Во Лисабон се одржа XVIII Европска конференција за механика на почви и геотехничко инженерство (26-30.8). ДГМ беше застапено со шест свои членови кои, покрај презентирање на трудови, имаа задачи во водење на сесии, модерирање на дискусии, работа при ТК, учество на состанок на европските друштва, каде беше поднесен извештај за EYGEC во Демир Капија, а проф. Мицковски одржа и предавање во рамки на стручен семинар. Се зацврстија односи со повеќе лица од раководни структури на ISSMGE и од национални здруженија, се оствариja нови релации, а се пренесоа и искуства кон следните организатори на EYGEC.

- Септември и октомври: Проф. Едип одржа клучно предавање на 5та Меѓународна конференција за применети науки, инженерство, математика и архитектура (ICASEMA 2024) одржан при МБУ, со учество и на проф. Бојаџиева, проф. Шешов, м-р Китановски, м-р Ивановски и м-р Петров; Во период 22-27.9. проф. Јовановски учествуваше на ISRM Меѓународен симпозиум 2024 и 13ти Азиски симпозиум за механика на карпи во Њу Делхи со презентација на труд; Во период 27-29.9. во Охрид се одржа V конгрес на Македонското геолошко друштво, каде наши членови беа дел од организационен и научен одбор, и имаа презентации на трудови; На 03-4.10. се одржа прослава по повод 75 години од основање на ГФ, и свечена академија пропратена со меѓународна конференција, на која, на покана на ДГМ и КГТ, предавачи беа д-р Бартон, проф. Сагламер, проф. Вркљан, проф. Јовичиќ и проф. Улусај; На 17-18.10. проф. Јовановски со презентација на повикан труд учествуваше на конференција GEO-EXPO 2024 во организација на Друштвото за геотехника на БиХ во Лукавац; 18-19.10. Членови на ДГМ партиципираа на конференцијата на ЗМКГБ „Инженерството на брани во услови на енергетска транзиција и остарена хидротехничка инфраструктура“.

- Ноември-декември:

- На 02-03.11. проф. Јовановски зеде учество со труд на 21[ва] конференција за механика и инженерство во карпи, што се одржа во Кина; на ден 05.11. повеќемина членови на ДГМ зедоа учество на целодневна обука за проектанти за стабилизација на косини и ископи со почвени клинови, која се одржа во Белград, во организација на Dlubal, Geo5, Ischebeck Titan, Geobrugg, поддржувачи на работата на ДГМ; На 21.11. се одржа покането предавање на проф. Един на академски форум за „Проценка и управување со ризик од уништување на културно наследство" организирано од Албанската академија на науки во Тирана.; На 06.12. Во организација на Словенечкото геотехничко друштво се одржаа 23-ти Шукљеови денови, а предавањето „Вештачка интелигенција во транспортна геотехника" го проследија повеќе членови на ДГМ; На 16.12. поканети предавања во ИЗИИС одржаа од колегите од Геотехничкиот факултет во Вараждин: доц. д-р Давор Станко – „Преглед на заедничка соработка на проекти на Хрватската научна фондација: SeisRICHerCRO & SIGMATOPCRO - избрани резултати" и проф. д-р Игор Петровиќ – „Мерење на механички параметри на биосушен отпад".
- Од останатите активности се бележи континуирано учество на членовите на ДГМ во работата на: ТК 11 – Геотехника при ИСРСМ, преку кои се следат и активностите на меѓународни технички комитети; технички комитети при ISSMGE; комисии при ISRM; обуки за Еврокод 7 во Србија; Инженерска институција на Македонија; Известувања за позначајни семинари и предавања (дел од нив одржани во е-форма); Реализирани се бројни активности поврзани со организацијата на EYGEC 2024 и EUROCK 2026, Resylab 2027, 9th ICEGE во Хрватска во 2029 (ДГМ се јавува како коорганизатор, заедно со TC203 Earthquake Geotechnical Engineering and Associated Problems); Членови на ДГМ редовно се информирани и ги следат меѓународните вебинари во организација на проф. Реди од Чикаго; Реализирани неколку состаноци на Извршниот одбор на ДГМ поврзано со организација на 5ти состанок на Европските геотехнички друштва во Скопје, планиран за 23.1.2025 год; Во ISSMGE Bulletin 18-3 од Септември 2024 е промовирана Автобиографијата на поранешниот претседател Педро Пинто, во која на ДГМ му е посветено соодветно внимание, при што се споменати Board Meeting-от на ISSMGE одржан во Скопје во 2018 година и семинарот за ЕС7 и ЕС8 одржан во 2008 во Охрид.

8) Извештај за финансиската состојба

За финансиската реализација и годишната пресметка беше доставен материјал во електронска форма за состојбата на двете сметки на Друштвото. Главни столбови врз кои се потпира финансиското работење се уплатите од спонзорите во вид на (котизации) донации и корпоративна членарина собрана врз основа на потпишаните меморандуми за соработка со поголем број компании. Од овие средства, покриени се расходи:

- Трошоци за банкарски провизии и сметководствени услуги;
- Административни трошоци (адвокатски услуги);
- Трошоци поврзани со конференцијата EYGEC2024;
- Уплата на школарини за студенти по геотехника;
- Годишни членарини за ISSMGE, Институт за стандардизација на РСМ, ISRM;
- Одржување на домен mag.net.mk;

Претседателот ја презентираше истата детално и заклучи дека состојбата на сметката е поволна за здружение од ваков карактер и овозможува покривање на проектираните

трошоци во тековната година. Со оглед на константните одливи поврзани со континуирано членување во значајни меѓународни асоцијации од областа на геотехника, иако свесни и за потешките околности на работа во пост-пандемиски услови и финансиски ограничувања, се апелираше за редовно покривање на корпоративните членарини на фирмите во ДГМ. Со оглед на планираното одржување на конференцијата EUROCK2026 ќе бидат потребни значителни дополнителни средства, за што ќе се направат обиди за обезбедување на поголем број спонзори од земјата и странство.

9) Согласно статутот на ДГМ, во 2025 година истече мандатот на досегашниот претседател на одделение за млади геотехничари. На предлог на Извршниот одбор донесена е Одлука за избор на нов претседател на Одделение на млади геотехничари за мандатен период 2025-2027. Довербата е доделена на колешката м-р Тамара Јовановска.

10) На предлог на Извршниот одбор едногласно е донесена Одлука за ангажман на надворешен соработник за одржување и ажурирање на веб страна за Eurock 2026 и веб страната на ДГМ. Оваа одлука произлегува од потребата на стручно лице за вршење на овие работи, што се покажа како неминовност во изминатиот период.

11) Годишен план за активности на ДГМ за 2025 год.

Претседателот даде објаснување за активностите кои се предвидени за 2025 год:

- Организација и реализација на 5ти состанок на Европските геотехнички друштва во рамки на ISSMGE во Скопје на 23.1.2025 год.
- Доуредување на web страната на ДГМ со нови содржини и редовно освежување со податоци.
- Активности поврзани со организација и промоција на EUROCK кој во 2026 година ќе се одржи во Скопје (формирање на организационен и научен одбор, изработка на web страница, испраќање покани до предавачи, спонзори и раководители на комисии при ISRM, пред-резервација на хотел и др.).
- Почетни активности за организација на 7ми Регионален симпозиум за свлечишта во јадранско-балканскиот регион – ReSyLAB 2027.
- Почетни активности за ко-организација на меѓународна конференција со Хрватско Геотехничко друштво за конференција 9ICEGE, Сплит 2029.
- Во соработка со Одделението за геотехника при КОАОИ ќе се организираат повеќе активности: организирање на настани во рамки на „Геотехнички денови";
- Учество на трилатерален состанок на наши млади геотехничари заедно со колеги од Австриско и Германско геотехничко друштво.
- Продолжување со учество во работата на ТК 11 при ИСРСМ.
- Членови на ИО на ДГМ ќе земат учество на редовните состаноци на Советот на ISSMGE и состаноци на европските друштва на ISSMGE и ISRM.
- Ќе продолжи учеството на членови на ДГМ во работата на ТК при ISSMGE и комисии при ISRM.
- За потреби на користење на точна стручна терминологија, ќе се продолжи со ажурирање и преведување на лексиконот на ISSMGE, од страна на Одделението за млади геотехничари.
- Други планирани учества на конференции.

- Активности за промоција на студиите по геотехничко инженерство, преку телата на ГФ и самостојно преку членовите на ДГМ.
- Информации за случувањата ќе се објавуваат и на интернет-страната mag.net.mk, која ќе продолжи да се одржува од страна на Одделението на млади геотехничари, како и на LinkedIn профилот на ДГМ.

12) Разно
Во делот на затворањето на точките од Дневниот ред, Претседателот се заблагодари на фирмите кои пружаат поддршка на работата на ДГМ и потсети за потребата од покривање на корпоративната членарина во ДГМ.

13) Повикано стручно предавање: Anıl Yunatcı, Ph.D., Geotechnical Engineer & Managing Director at Geodestek Ltd. Sti. “"Data-Driven Decision Making in Geotechnical Engineering Using Field Performance Monitoring”

14) Презентација на докторска дисертација на Бојан Јаневски.

Во рамките на затворањето на Годишното собрание, Претседателот се заблагодари за бројното присуство и дадената поддршка во работата на Собранието и на ДГМ.
Собранието беше затворено во 16:00 ч.

Записничар,
д-р Бојан Сусинов

Верификувачи на записник,
Васе Витанов
д-р Бојан Јаневски

Врз основа на член 6 и член 16 од Статутот на ДГМ, Собранието на ДГМ на седница одржана на ден 27.2.2026 год. донесува

# ОДЛУКА
# ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СТИПЕНДИЈАТА „ПРОФ. Д-Р ВАСИЛ ВИТАНОВ“

1. Друштвото за геотехника на Македонија ја доделува стипендијата на успешни студенти од студиската програма по геотехника на Градежниот факултет – Скопје.

2. Стипендијата се доделува од ДГМ, а со цел поддршка и мотивирање на најуспешните студенти запишани на прв и втор циклус студии на насоката Геотехничко инженерство при Градежниот факултет – Скопје.

3. Стипендијата се доделува на најмногу до пет студенти запишани на прв циклус на студии, зависно од успехот покажан во првиот семестар од студирањето.

4. Студентот го задржува правото за ослободување од партиципација доколку исполни услови за следење на 80% од наставната програма за следната академска година и да положи минимум 80% од испитите од претходната година;

5. Доколку студентот продолжи да ги исполнува условите за ослободување од партиципација до завршувањето на првиот циклус на студии, му се овозможува ослободување од плаќање на партиципација и во вториот циклус на студии.

Извршниот одбор ги разгледа кандидатите кои се запишани на студиските програми од прв и втор циклус и констатираше дека условите ги исполнуваат следните студенти:

Прв циклус на студии

- Стефан Гацов (II година)

Втор циклус на студии

- Веселина Јованоска (II година)
- Деспина Војноска (II година)

3. Одлуката стапува во сила на денот на одржување на Годишното собрание на ДГМ.

Друштво за геотехника на Македонија

Претседател,

Проф. д-р Игор Пешевски

Врз основа на член 12 од Статутот на ДГМ, како и Правилникот за доделување на признанија, Собранието на ДГМ, на предлог на Извршниот одбор на ДГМ, на седница одржана на ден 27.2.2026 год. донесува

**ОДЛУКА**
**ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НА ПРИЗНАНИЕ**

**НАЈДОБРО ОСТВАРУВАЊЕ ВО ОБЛАСТА НА ГЕОТЕХНИКАТА**

1. Друштвото за геотехника на Македонија воведува Признание за најдобро остварување во областа на геотехниката.

2. Признанието се доделува согласно следните услови и критериуми:

- Признанието за најдобро остварување во областа на геотехниката се доделува на годишно ниво, за секоја од следните три категории:

  - Теориско или експериментално истражување или иновации (геомеханика, фундирање, теренско / лабораториско моделирање, еколошки аспекти, оскултации и сл.);

  - Проектирање (стабилизација/санација на косини, потпорни конструкции, насипи, темелење, заштита на ископи, подобрување на тло итн.; геотехнички аспекти на тунели, заштита на животна средина, историски објекти, депонии, рудници и др.);

  - Изведба на геотехнички објекти и работи (стабилизација/санација на косини, потпорни конструкции, анкерисување, темелење, заштита на ископи, подобрување на тло, и други геотехнички интервенции).

- Комплетно подготвените предлози за доделување на Признанието за најдобри остварувања во областа на геотехниката за треба да бидат доставени најдоцна до 30 ноември во тековната година, по електронски пат, на официјалната e-mail адреса на Друштвото за геотехника на Македонија – mag@gf.ukim.edu.mk.

- Потребни документи:

  - Пријава;

  - Целосен труд/проект со графички прилози, цртежи, пресметки и/или фотографии;

  - Рецензија (доколку станува збор за научно-истражувачки труд), Завршен извештај од ревизија на проект, Записник од технички прием или друг релевантен документ со кој се потврдува реализацијата во годината за која се пријавува.

- Во пријавата задолжително се наведува годината и категоријата за која се аплицира.

- Признанието може да биде доделено на еден автор, група автори или на стручен тим. Стручниот тим може да биде составен од учесници од една или повеќе компании, организации или институции, а го претставува раководителот или координаторот на тимот (главен истражувач, главен проектант, одговорен геотехнички инженер, раководител на изведба и сл.).

- Признанијата се доделуваат на автор/група автори – државјани на Македонија, и на стручни тимови од компании/институции со седиште во државата, а за проекти и дела реализирани во Македонија или во странство.
- За проекти и дела со меѓународно учество, при оценувањето ќе се вреднува придонесот на македонските учесници, односно на македонската компанија/институција во реализацијата на геотехничкото истражување, проект, или изведба.

3. Одлуката стапува во сила на денот на одржување на Годишното собрание на ДГМ.

Друштво за геотехника на Македонија
Претседател,
П. Игор
Проф. д-р Игор Пешевски

ДГМ
MAG

ДРУШТВО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА
MACEDONIAN ASSOCIATION FOR GEOTECHNICS

Врз основа на член 12 од Статутот на ДГМ, како и Правилникот за доделување на признанија, Собранието на ДГМ, на предлог на Извршниот одбор на ДГМ, на седница одржана на ден 27.2.2026 год. донесува

**О Д Л У К А**
**З А  Д О Д Е Л У В А Њ Е  Н А  П Р И З Н А Н И Е**

**ПОЧЕСЕН ЧЛЕН НА ДРУШТВОТО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА**

1. Друштвото за геотехника на Македонија доделува признание за **Почесен член** на професор Фенгшоу Жанг (prof. Fengshou Zhang) од College of Civil Engineering at Tongji University, Кина.

2. Признанието се доделува поради придонес во следните полиња:
   - Стимулирање на современиот развој на науката, едукацијата и практиката во областа на геотехниката;
   - Поттикнување на трансфер на знаења, научно-технички информации и технологии во земјата и кон други земји преку организирање и поттикнување на различни форми на професионални средби и презентации, изложби, семинари, симпозиуми и слично;
   - Координирање, насочување и стимулирање на ДГМ;
   - Соработка со соодветни меѓународни и домашни асоцијации заради размена на информации, публикации, организирање на стручни предавања.

3. Одлуката стапува во сила на денот на одржување на Годишното собрание на ДГМ.

Друштво за геотехника на Македонија
Претседател,

Проф. д-р Игор Пешевски

ДГМ
MAG
ДРУШТВО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА
MACEDONIAN ASSOCIATION FOR GEOTECHNICS

Врз основа на член 12 од Статутот на ДГМ, како и Правилникот за доделување на признанија, Собранието на ДГМ, на предлог на Извршниот одбор на ДГМ, на седница одржана на ден 27.2.2026 год. донесува

# О Д Л У К А
# З А  Д О Д Е Л У В А Њ Е  Н А  П Р И З Н А Н И Е

## ПОЧЕСЕН ЧЛЕН НА ДРУШТВОТО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА

1. Друштвото за геотехника на Македонија доделува признание за **Почесен член** на проф. Слободан Ќориќ од Република Србија.

2. Признанието се доделува поради придонес во следните полиња:
- Стимулирање на современиот развој на науката, едукацијата и практиката во областа на геотехниката;
- Организирање на соработка со сите организации кои се занимаваат со прашања од интерес за геотехниката кај нас и во странство;
- Соработка со соодветни меѓународни и домашни асоцијации заради размена на информации, публикации, организирање на стручни предавања;
- Грижа за стручно усовршување и обновување на знаењата на членовите.

3. Одлуката стапува во сила на денот на одржување на Годишното собрание на ДГМ.

Друштво за геотехника на Македонија
Претседател,
П. Игор
Проф. д-р Игор Пешевски

Врз основа на член 12 од Статутот на ДГМ, како и Правилникот за доделување на признанија, Собранието на ДГМ, на предлог на Извршниот одбор на ДГМ, на седница одржана на ден 27.2.2026 год. донесува

**О Д Л У К А**
**З А Д О Д Е Л У В А Њ Е Н А П Р И З Н А Н И Е**

**БЛАГОДАРНИЦА НА ДРУШТВОТО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА**

1. Друштвото за геотехника на Македонија доделува **Благодарница** на Миодраг Марина.

2. Признанието се доделува поради придонес во следните полиња:
   - Организирање на соработка со сите организации кои се занимаваат со прашања од интерес за геотехниката кај нас и во странство;
   - Нега и развој на етиката на инженерско-техничкото во областа на геотехниката и грижа за чување, заштита и подигнување на јавниот и професионалниот углед на здружението и членовите на здружението;
   - Придонес во дообучување на младиот стручен кадар во практиката.

3. Одлуката стапува во сила на денот на одржување на Годишното собрание на ДГМ.

Друштво за геотехника на Македонија
Претседател,

Проф. д-р Игор Пешевски

Врз основа на член 12 од Статутот на ДГМ, како и Правилникот за доделување на признанија, Собранието на ДГМ, на предлог на Извршниот одбор на ДГМ, на седница одржана на ден 27.2.2026 год. донесува

**О Д Л У К А**
**З А  Д О Д Е Л У В А Њ Е  Н А  П Р И З Н А Н И Е**

**БЛАГОДАРНИЦА НА ДРУШТВОТО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА**

1. Друштвото за геотехника на Македонија доделува **Благодарница** на Милорад Ивановски.

2. Признанието се доделува поради придонес во следните полиња:
   - Организирање на соработка со сите организации кои се занимаваат со прашања од интерес за геотехниката кај нас и во странство;
   - Придонес во дообучување на младиот стручен кадар во практиката;
   - Поттикнување и поддржување на иницијативите на членови на ДГМ за научно-истражувачка работа, како и примена на научно-истражувачките резултати во областа на геотехниката.

3. Одлуката стапува во сила на денот на одржување на Годишното собрание на ДГМ.

Друштво за геотехника на Македонија
Претседател,
П. Игор
Проф. д-р Игор Пешевски

Врз основа на член 12 од Статутот на ДГМ, како и Правилникот за доделување на признанија, Собранието на ДГМ, на предлог на Извршниот одбор на ДГМ, на седница одржана на ден 27.2.2026 год. донесува

**О Д Л У К А**
**З А Д О Д Е Л У В А Њ Е Н А П Р И З Н А Н И Е**

**БЛАГОДАРНИЦА НА ДРУШТВОТО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА**

1. Друштвото за геотехника на Македонија доделува **Благодарница** на Зоран Трајановски.

2. Признанието се доделува поради придонес во следните полиња:
   - Организирање на соработка со сите организации кои се занимаваат со прашања од интерес за геотехниката кај нас и во странство;
   - Придонес во дообучување на младиот стручен кадар во практиката;
   - Поттикнување и поддржување на иницијативите на членови на ДГМ за научно-истражувачка работа, како и примена на научно-истражувачките резултати во областа на геотехниката.

3. Одлуката стапува во сила на денот на одржување на Годишното собрание на ДГМ.

Друштво за геотехника на Македонија
Претседател,
П.Игор
Проф. д-р Игор Пешевски

ДГМ
MAG
ДРУШТВО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА
MACEDONIAN ASSOCIATION FOR GEOTECHNICS

Врз основа на член 12 од Статутот на ДГМ, како и Правилникот за доделување на признанија, Собранието на ДГМ, на предлог на Извршниот одбор на ДГМ, на седница одржана на ден 27.2.2026 год. донесува

# ОДЛУКА
# ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ПРИЗНАНИЕ

## БЛАГОДАРНИЦА НА ДРУШТВОТО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА

1. Друштвото за геотехника на Македонија доделува **Благодарница** на Ѓоко Таневски.

2. Признанието се доделува поради придонес во следните полиња:
   - Организирање на соработка со сите организации кои се занимаваат со прашања од интерес за геотехниката кај нас и во странство;
   - Нега и развој на етиката на инженерско-техничкото во областа на геотехниката и грижа за чување, заштита и подигнување на јавниот и професионалниот углед на здружението и членовите на здружението;
   - Придонес во дообучување на младиот стручен кадар во практиката.

3. Одлуката стапува во сила на денот на одржување на Годишното собрание на ДГМ.

Друштво за геотехника на Македонија
Претседател,
П. Игор
Проф. д-р Игор Пешевски

ДГМ ДРУШТВО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА
MAG MACEDONIAN ASSOCIATION FOR GEOTECHNICS

Врз основа на член 12 од Статутот на ДГМ, како и Правилникот за доделување на признанија, Собранието на ДГМ, на предлог на Извршниот одбор на ДГМ, на седница одржана на ден 27.2.2026 год. донесува

**О Д Л У К А**
**З А Д О Д Е Л У В А Њ Е Н А П Р И З Н А Н И Е**

**БЛАГОДАРНИЦА НА ДРУШТВОТО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА**

1. Друштвото за геотехника на Македонија доделува **Благодарница** на Звонко Павлов.

2. Признанието се доделува поради придонес во следните полиња:

- Организирање на соработка со сите организации кои се занимаваат со прашања од интерес за геотехниката кај нас и во странство;
- Соработка со соодветни домашни асоцијации заради размена на информации, знаење, публикации;
- Придонес во дообучување на младиот стручен кадар во практиката.

3. Одлуката стапува во сила на денот на одржување на Годишното собрание на ДГМ.

Друштво за геотехника на Македонија
Претседател,
П. Игор
Проф. д-р Игор Пешевски

Врз основа на член 12 од Статутот на ДГМ, како и Правилникот за доделување на признанија, Собранието на ДГМ, на предлог на Извршниот одбор на ДГМ, на седница одржана на ден 27.2.2026 год. донесува

**О Д Л У К А**
**З А  Д О Д Е Л У В А Њ Е  Н А  П Р И З Н А Н И Е**

**БЛАГОДАРНИЦА НА ДРУШТВОТО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА**

1. Друштвото за геотехника на Македонија доделува **Благодарница** на Киро Костовски.

2. Признанието се доделува поради придонес во следните полиња:
   - Организирање на соработка со сите организации кои се занимаваат со прашања од интерес за геотехниката кај нас и во странство;
   - Соработка со соодветни домашни асоцијации заради размена на информации, знаење, публикации;
   - Нега и развој на етиката на инженерско-техничкото во областа на геотехниката и грижа за чување, заштита и подигнување на јавниот и професионалниот углед на здружението и членовите на здружението.

3. Одлуката стапува во сила на денот на одржување на Годишното собрание на ДГМ.

Друштво за геотехника на Македонија
Претседател,
Проф. д-р Игор Пешевски

ДГМ
MAG
ДРУШТВО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА
MACEDONIAN ASSOCIATION FOR GEOTECHNICS

Врз основа на член 12 од Статутот на ДГМ, како и Правилникот за доделување на признанија, Собранието на ДГМ, на предлог на Извршниот одбор на ДГМ, на седница одржана на ден 27.2.2026 год. донесува

**О Д Л У К А**
**З А Д О Д Е Л У В А Њ Е Н А П Р И З Н А Н И Е**

**БЛАГОДАРНИЦА НА ДРУШТВОТО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА**

1. Друштвото за геотехника на Македонија доделува **Благодарница** на Димитар Рибески.

2. Признанието се доделува поради придонес во следните полиња:
- Соработка со соодветни домашни асоцијации заради размена на информации, знаење, публикации;
- Придонес во дообучување на младиот стручен кадар во практиката;
- Поттикнување и поддржување на иницијативите на членови на ДГМ за научно-истражувачка работа, како и примена на научно-истражувачките резултати во областа на геотехниката.

3. Одлуката стапува во сила на денот на одржување на Годишното собрание на ДГМ.

Друштво за геотехника на Македонија
Претседател,

Проф. д-р Игор Пешевски

ДГМ
MAG
ДРУШТВО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА
MACEDONIAN ASSOCIATION FOR GEOTECHNICS

Врз основа на член 12 од Статутот на ДГМ, како и Правилникот за доделување на признанија, Собранието на ДГМ, на предлог на Извршниот одбор на ДГМ, на седница одржана на ден 27.2.2026 год. донесува

**О Д Л У К А**
**З А  Д О Д Е Л У В А Њ Е  Н А  П Р И З Н А Н И Е**

**БЛАГОДАРНИЦА НА ДРУШТВОТО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА**

1. Друштвото за геотехника на Македонија доделува **Благодарница** на Ванчо Маринов.

2. Признанието се доделува поради придонес во следните полиња:
   - Соработка со соодветни домашни асоцијации заради размена на информации, знаење, публикации;
   - Нега и развој на етиката на инженерско-техничкото во областа на геотехниката и грижа за чување, заштита и подигнување на јавниот и професионалниот углед на здружението и членовите на здружението;
   - Придонес во дообучување на младиот стручен кадар во практиката.

3. Одлуката стапува во сила на денот на одржување на Годишното собрание на ДГМ.

Друштво за геотехника на Македонија
Претседател,
П. Игор
Проф. д-р Игор Пешевски

ДГМ
MAG

ДРУШТВО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА
MACEDONIAN ASSOCIATION FOR GEOTECHNICS

Врз основа на член 12 од Статутот на ДГМ, како и Правилникот за доделување на признанија, Собранието на ДГМ, на предлог на Извршниот одбор на ДГМ, на седница одржана на ден 27.2.2026 год. донесува

# ОДЛУКА
# ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ПРИЗНАНИЕ

## БЛАГОДАРНИЦА НА ДРУШТВОТО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА

1. Друштвото за геотехника на Македонија доделува **Благодарница** на Сандо Донев.

2. Признанието се доделува поради придонес во следните полиња:
   - Нега и развој на етиката на инженерско-техничкото во областа на геотехниката и грижа за чување, заштита и подигнување на јавниот и професионалниот углед на здружението и членовите на здружението;
   - Придонес во дообучување на младиот стручен кадар во практиката;
   - Поттикнување и поддржување на иницијативите на членови на ДГМ за научно-истражувачка работа, како и примена на научно-истражувачките резултати во областа на геотехниката.

3. Одлуката стапува во сила на денот на одржување на Годишното собрание на ДГМ.

Друштво за геотехника на Македонија
Претседател,

Проф. д-р Игор Пешевски

Врз основа на член 12 од Статутот на ДГМ, како и Правилникот за доделување на признанија, Собранието на ДГМ, на предлог на Извршниот одбор на ДГМ, на седница одржана на ден 27.2.2026 год. донесува

**О Д Л У К А**
**З А  Д О Д Е Л У В А Њ Е  Н А  П Р И З Н А Н И Е**

**БЛАГОДАРНИЦА НА ДРУШТВОТО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА**

1. Друштвото за геотехника на Македонија доделува **Благодарница** на Емил Петрушев.

2. Признанието се доделува поради придонес во следните полиња:
   - Организирање на соработка со сите организации кои се занимаваат со прашања од интерес за геотехниката кај нас и во странство;
   - Соработка со соодветни домашни асоцијации заради размена на информации, знаење, публикации;
   - Нега и развој на етиката на инженерско-техничкото во областа на геотехниката и грижа за чување, заштита и подигнување на јавниот и професионалниот углед на здружението и членовите на здружението.

3. Одлуката стапува во сила на денот на одржување на Годишното собрание на ДГМ.

Друштво за геотехника на Македонија
Претседател,

Проф. д-р Игор Пешевски

Врз основа на член 12 од Статутот на ДГМ, како и Правилникот за доделување на признанија, Собранието на ДГМ, на предлог на Извршниот одбор на ДГМ, на седница одржана на ден 27.2.2026 год. донесува

# ОДЛУКА
# ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ПРИЗНАНИЕ

## БЛАГОДАРНИЦА НА ДРУШТВОТО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА

1. Друштвото за геотехника на Македонија доделува **Благодарница** на Универзитет во Салерно, Оддел за Градежништво.

2. Признанието се доделува за унапредување на стручните капацитети на членовите на ДГМ во областа на свлечишта преку организирање стручни предавања и обуки со имплементација на современи методи и практики, како и поттикнување и поддршка на нивните иницијативи за научно-истражувачка и стручна соработка.

3. Одлуката стапува во сила на денот на одржување на Годишното собрание на ДГМ.

Друштво за геотехника на Македонија

Претседател,

Проф. д-р Игор Пешевски

ДГМ
MAG
ДРУШТВО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА
MACEDONIAN ASSOCIATION FOR GEOTECHNICS

Врз основа на член 12 од Статутот на ДГМ, како и Правилникот за доделување на признанија, Собранието на ДГМ, на предлог на Извршниот одбор на ДГМ, на седница одржана на ден 27.2.2026 год. донесува

**ОДЛУКА**
**ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ПРИЗНАНИЕ**

**ИЗРАБОТЕН ДОКТОРСКИ ТРУД ОД ОБЛАСТА НА ГЕОТЕХНИКАТА**

1. Друштвото за геотехника на Македонија доделува Признание за изработен докторски труд од областа на геотехниката, на д-р Тони Китановски.

2. Признанието се доделува за завршен трет циклус на студии и успешно одбранет докторски труд од областа на геотехниката на тема: „Напредни елемент тестови за дефинирање на динамичкото однесување на природен песок при комплексна напонско деформациона состојба“, на ден 09.10.2025 год., при Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

3. Одлуката стапува во сила на денот на одржување на Годишното собрание на ДГМ.

Друштво за геотехника на Македонија
Претседател,

Проф. д-р Игор Пешевски

Врз основа на член 24 од Статутот на Друштвото за геотехника на Македонија (ДГМ), Собранието на ДГМ на својата Седница одржана на 27.2.2026 год. го разгледа поднесениот

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ДГМ ЗА 2025 ГОДИНА

## 1. ОПШТО

Во овој Извештај се презентирани активностите на ДГМ во текот на 2025 год., кои претежно се засновани врз стекнатите традиции во претходните години на делување. Како и тогаш, и сега главна цел е да се задржи континуитетот во исполнување на програмските определби, да се обезбеди доследно вршење на мисијата на Друштвото и да се создадат услови за негов натамошен развој.

## 2. АКТИВНОСТИ НА ИЗВРШНИОТ ОДБОР И ТЕЛАТА НА ДГМ

Како и претходните години, активностите кои се извршуваа во 2025 год. во најголем дел беа дефинирани на претходната седница на Годишното собрание, од која погоре е даден Записникот. Во текот на годината, покрај подолу изнесеното, се вршеа консултации во рамките на Извршниот одбор (ИО), дел преку електронски медиуми, дел со состаноци со физичко присуство, на кои се даваше пресек на реализираните работи, се дискутираа тековни случувања и се усвојуваа следни чекори на делување. Во најголем дел комуникацијата се водеше за потребите на организација на настанот EUROCK2026, како и во врска со изборниот процес за раководни лица/тела во рамки на ISSMGE за мандатен период 2026-30. Во продолжение се дава хронолошки преглед на активностите за 2025 год.

- Јануари:

1. Подготовки за Годишно собрание за 2025 год.
2. Учество на неколку наши членови (преку видеоконференциска врска) на 4th International Conference on ACE Forensic Engineering, Korean Geotechnical Society, 14-15.1.2025.
3. ДГМ имаше чест да биде домаќин на 5-тото Собрание на националните геотехнички друштва од Европа. Еднодневниот настан (23.01.2025) ги собра водечките експерти, професионалци и претставници од 22 геотехнички друштва од Европа. Собранието обезбеди платформа за решавање на некои клучни прашања, споделување на сознанија и исцртување на идната траекторија на геотехничкото инженерство во Европа и пошироко.
4. Како дел од својата постојана посветеност на меѓународна соработка и размена на знаења, членови на ДГМ активно ги следеа серијата вебинари за геоеколошки инженеринг, одржливост и отпорност. Вебинарите се организирани од проф. Кришна Реди од Универзитетот во Илиноис - Чикаго, поканет предавач на DECGE 2018, а поддржани од ТК 215 Еколошка геотехника при ISSMGE, во кој ДГМ е претставен со два члена.

5. Членови на ДГМ учествуваа на дводневен семинар (28-29.01.2025) организиран од страна на Ischebeck TITAN (долгогодишен поддржувач на ДГМ) во градот Енепетал во Германија, кадешто е седиште на компанијата.
6. Доуредување на web страната на ДГМ со нови содржини и редовно освежување со податоци.

- Февруари:

1. Комуникација со колеги од регионот и почетни активности за организација на 7[ми] Регионален симпозиум за свлечишта во јадранско-балканскиот регион – ReSyLAB 2027.
2. Почетни активности за ко-организација на меѓународна конференција со Хрватско геотехничко друштво за 9[th] International Conference on Earthquake Geotechnical Engineering (9ICEGE) во Сплит во 2029 год.
3. На 21.2. се одржа Годишното собрание за 2024 год., со предавање од Anıl Yunatcı, PhD, Geotechnical Eng. & Managing Director at Geodestek Ltd. Sti. за „Data-Driven Decision Making in Geotechnical Engineering Using Field Performance Monitoring" и презентација на докторски труд на д-р Б. Јаневски.
4. Во периодот 25.2.-01.3.2025, тим од ИЗИИС спроведе детална пост-земјотресна мисија во регионот Кахраманмараш во југо-источниот дел на Турција. При посетата се потпишаа и договори за соработка со Универзитетот во Кахраманмараш и Универзитетот во Сакарија.

- Март:

1. Објавување на публикација по повод 80 години геолошка активност во Македонија, а поврзано со отпочнувањето на работата на Геолошки институт во Македонија (1945 год.), Монографија "Посвета на Македонската геолошка мисла" изработена од Никола Думурџанов, Н. Гапковски, М. Јовановски и И. Пешевски, каде се прикажани и детали за традицијата на инженерската геологија и механиката на карпи на нашите простори.
2. Во период 19-22 март повеќе претставници од ИЗИИС зедоа учество на Croatian Conference on Earthquake Engineering, Сплит, Хрватска.
3. Студенти од последипломски студии по геотехничко инженерство на Градежен факултет направија целодневна посета на Лабораторијата за динамика на почви и фундаменти при ИЗИИС.
4. На 21.3. Инженерската институција на Македонија (ИМИ) ја обележи 105-годишнината од формирањето на првото здружение на инженери во Македонија, прославувајќи го Денот на македонските инженери. Во рамките на свеченоста, каде обраќања имаа претседателката на ИМИ, проф. Христина Спасевска, Министерката за енергетика, рударство и минерални суровини, Сања Божиновска, и проф. Калтрина Зеколи Шаќири, заменик-министерка за транспорт и врски, беа доделени и признанија. Покрај наградата за најдобар млад инженер, беше воведена и Плакета за најактивна членка, а кој лауреат го понесе – **Друштвото за геотехника на Македонија.**

- Април:
    1. Започнување на подготовка на документација за номинација за Награда за истакнат членка (Outstanding Member Society Award) во рамки на ISSMGE.
    2. На почетокот на месецот, проф. Папиќ реализираше неколкудневна посета на Одделот за геотехника при EPFL во Швајцарија, каде презентираше истражувања спроведени во Македонија и разговараше со проф. Лалуи околу идниот развој на ISSMGE. Во таа пригода, проф. Лалуи врачи повеќе книги од област на лабораториски испитувања и еколошка геотехника, кои се на располагање на членовите на ДГМ.
- Мај:
    1. На 06.5., претседателот на Одделението за млади геотехнички инженери, Т. Јовановска, и секретарот на ДГМ, Н. Неделковска, учествуваа на 4-тиот Симпозиум на Joint Young Members Austria, каде што ги презентираа активностите на Одделението. Симпозиумот обезбеди одлична платформа за вмрежување со млади колеги од цела Европа, споделување на најновите случувања во областа и дискутирање за актуелните предизвици во геотехничкото инженерство. Трошоци за патувањето на нашите преставници беа покриени од ДГМ.
    2. На 23.5. во рамки на серијата вебинари организирани од Rocscience, презентација одржа Тамара Јовановска, на тема: Вовед во RocTunnel3 - 3Д анализа на стабилност на подземни ископи. Ова воедно беше и прв семинар од оваа серија кој е реализиран на македонски јазик.
    3. Студентот на докторски студии, Н. Петров, зеде учество на Тренинг школа LCA, Social and Economic Analysis on Energy Geostructures and their integration with other solutions, во период 28-30.5., во Александрополи, Грција, во рамки на COST CA21156 - european network for FOstering Large-scale ImplementAtion of energy GEostructure (FOLIAGE).
- Јуни:
    1. Неколку членови на ДГМ учествуваа на EUROCK 2025 во Трондхајм (16-20), Норвешка, презентирајќи трудови и придонесувајќи за ширење на македонската геотехничка експертиза. Дополнително, д-р Неделковска учествуваше на Форумот за рана кариера, претставувајќи го ДГМ во дискусиите за развој на млади геотехнички професионалци. На настанот беше промовирана и веб страната за EUROCK 2026, а беше извршена и промотивна презентација за организацијата на симпозиумот.
    2. Членови на ДГМ присуствуваа на 4-тиот семинар за патишта и сообраќај во Србија, со покането предавање на проф. М. Јовановски под наслов „Улогата на геотехничкото инженерство во проектирањето на патишта“.
    3. Учество на 10th International Conference on Computational Methods in Structural Dynamics and Earthquake Engineering Methods in Structural Dynamics and Earthquake Engineering, Compdyn, Родос, Грција, на проф. д-р Ј. Бојаџиева.

4. Учество на научен форум организиран од Академијата на Науките на Албанија со покането предавање од проф. Един со наслов "Сеопфатна проценка на сеизмичкиот ризик: „Студија на случај на локацијата на Универзитетот „Мајка Тереза" во Скопје".
5. Учество на докторандот Н. Петров на Тренинг школа Unlocking Underground Energy: Design and construction of geothermal applications for buildings and infrastructure во Politecnico di Torino, во рамки на COST CA21156 – FOLIAGE.
6. На 27.06., Претседателот на Одделението на млади геотехничари активно учествуваше на состанок организиран од Претседателската група на млади членови при ISSMGE, споделувајќи новости за активностите на ДГМ и учествувајќи во дискусии со други млади претставници од ширум светот.

- Јули-август:

1. Одржано покането предавање на летната школа во Вајмар, Германија (NextGen Engineers – Bauhaus) со наслов "Numerical Approaches in Geotechnical Earthquake Engineering: The IZIIS Perspective" од проф. К. Един.
2. Тековно се превземани активности поврзани со надградба на интернет-страница за EUROCK 2026, покани до рецензенти, членови на научни и почесни одбори, формирање на спонзорски пакети и пакети за излагачи, формирање на културно-забавна програма и пакет за придружни лица итн.

- Септември:

1. Активности околу организација и промоција на EUROCK2026: испраќање на покани до предавачи, спонзори и раководители на комисии при ISRM, пред-резервација на хотел и др. Тие се реализираат тековно целата година од страна на членовите на Извршниот одбор на ДГМ и Организациониот Одбор на EUROCK 2026. Прв состанок во живо на ОО е одржан на 05.9.
2. Во периодот 09-12.9., членот на ДГМ и претходен претседател на Одделение на млади геотехничари, Тони Китановски, учествуваше на EYGEC 2025 во Риека, со презентирање на труд, додека проф. М. Јовановски се обрати на отворањето на настанот. Ова ја одразува континуираната посветеност на ДГМ за поддршка на активностите и развојот на младите геотехнички инженери.
3. Повеќе членови на ДГМ учествуваа на 21. Меѓународен симпозиум на Друштвото на градежни конструктори на Македонија (ДГКМ), кој се одржа од 24 до 27 септември во Охрид.
4. На 26.9., претседателот на ДГМ, со претставник на рудник Боров Дол – Бучим присуствуваше на стручно предавање "Digital Twins for Mine Slope Stability" од dr. Neil Bar (Gecko Geotechnics) кое се одржа на Рударско-геолошки факултет во Белград.

- Октомври:

1. Младите членови на ДГМ, Веселина Јованоска и Деспина Војноска, подготвија труд „Инженерски аспекти на заштита на длабоки градежни јами

во сложени геотехнички услови“ и го претставија на „Geotehnički aspekti građevinarstva i zemljotresno inženjerstvo 2025 “, кој се одржа во Врњачка Бања, во период 15–17.10. Сите трошоци за нивното учество беа покриени од ДГМ. На истиот настан, проф. Милорад Јовановски одржа покането предавање со наслов: „Некои идеи за воведување на ризик како критериум за проектирање во инженерството на карпести падини и косини“.

2. На иницијатива на повеќе членови на ДГМ, на 25.11., Ректорската управа на УКиМ донесе одлука за ангажирање на проф. д-р Слободан Мицковски од Каледонски универзитет во Глазгов како визитинг професор на Градежен факултет (проф. Мицковски своевремено доби и Благодарница од ДГМ).
3. Во периодот 17-18.10.2025 година, Македонскиот комитет за големи брани го одржа својот 6-ти Конгрес за брани во Скопје. Повеќе членови на ДГМ земаа активно учество со трудови, а потпретседателот Драган Димитриевски беше модератор на настанот.

- Ноември:

1. Од 5 до 7 ноември, Друштвото за патишта на Македонија (ДПМ) го одржа Третиот македонски конгрес за патишта во Скопје. Членовите на ДГМ активно учествуваа во Организацискиот одбор, како и со бројни трудови и модерирање на сесии. Остварени се контакти со потенцијални спонзори за EUROCK 2026.
2. Неколку членови на ДГМ учествуваа на научната конференција “Uticaj prirodnih nepogoda: klizišta, odrona, poplava i zemljotresa na gradevinske objekte i infrastrukturu - istraživanje, monitoring, prevencije i sanacije” организирана од Инженерската академија на Србија и Сојузот на инженери и техничари на Србија, која се одржа во Белград на 14 ноември, со труд на тема: Карте опасности од клизишта за Македонију – прошлост, садашњост, будућност, презентиран од Наташа Неделковска.
3. На 13.11. е потпишан договор за соработка на ИЗИИС со универзитетот ЕПОКА во Тирана и одржана е презентација на 6th International Conference on Architecture and Urban Design.
4. Online учество на претседателот на ДГМ на Првата интернационална работилница за биоинженерска механика на карпи која се одржа на 26-27.11. во Окинава, Јапонија.
5. Возобновен е LinkedIn профилот на ДГМ и редовно се ажурира од страна на потпретседателот д-р Драган Димитриевски.

- Декември:

1. На 09.12. во организација на Градежен факултет, компанијата Бехтел – Енка и Комората на овластени архитекти и инженери се одржа стручно предавање на тема: „Заштита на косини на пат – Коридор 8 и Коридор 10“, подготвено од Владимир Костовски, одговорен геолог-инженер, и Панкај Капур, менаџер за проектирање и теренска координација.

2. Дадена поддршка за проф. Лиес Лаоуи од Швајцарија при кандидатура за следен претседател на ISSMGE за мандатен период 2026-2030.
3. Проф. Лорета Батали од Романија, гостин-предавач на EYGEC 2024, е поддржана за потпретседател на ISSMGE за Европа, во период 2026-2030.
4. На 19.12. одржан втор состанок (во живо) на Организационен одбор за EUROCK 2026.
5. Доставена е апликацијата за номинација за Награда за истакнато национално друштво (Outstanding Member Society Award) во рамки на ISSMGE.

- Континуирано учество во работата на: ТК 11 – Геотехника при ИСРСМ, преку кои се следат и активностите на меѓународни технички комитети; технички комитети при ISSMGE; комисии при ISRM; Инженерска институција на Македонија; известувања за позначајни семинари и предавања (дел од нив одржани во е-форма), во работните тела на КОАОИ, итн.
- Реализирани средби со меѓународни претставници на геотехнички друштва поврзано со организацијата на EUROCK 2026 и Resylab 2027.
- Членови на ДГМ редовно се информирани и ги следат меѓународните вебинари во организација на проф. Кришна Реди од Чикаго.
- Во текот на годината членови на ДГМ одржуваа средби со претставници од Геотехнички факултет во Вараждин и Одделот за геотехника при Рударско-геолошкиот факултет во Белград за формирање на меѓународна програма за последипломски студии за еколошка отпорност и геохазарди MaStER_G.
- Уплатени котизации за учество на меѓународни геотехнички конференции за двајца млади инженери / студенти на трет и втор циклус на студии, Мила Смиљановска na 8th International Young Geotechnical Engineers Conference - 8iYGEC планирана за 11-14.6.2026 во Австрија, и за Златко Стоилов (Inaugural Pan Mediterranean Geotechnical Engineering Conference, 25-28.3.2026 во Бејрут).
- Учество на наши членови во комисии за увид на појавени свлечишта ширум државата, присуство во медиуми по прашање на случени геохазарди и слично.

Се забележува редовно присуство на членови на ДГМ со значајни улоги при меѓународни настани, учества во уредувачки одбори на списанија, научни и технички комитети.

## 3. МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

Од преостанатите средства од минатата година, Друштвото ги покри следните расходи:

- Трошоци за банкарски провизии, административни и сметководствени услуги
- Годишни членарини во меѓународните друштва
- Стипендирање учества на меѓународни настани на млади геотехничари
- Сместување на гости и угостителски услуги за состанок на Европски геотехнички друштва во Скопје, изработка на материјали и видеоанимација.
- Одржување на веб-страна на ДГМ и за EUROCK 2026, лиценца за Conftool, дизајнирање на систем за менаџирање на регистрации за учесници и спонзори.
- Одржување на домен (mag.net.mk)

Покрај сите овие финансиски трансакции во минатиот период, до моментот на одржување на Собранието на сметката на ДГМ има средства во висина од околу 2 284 176 ден. Состојбата со приходи и расходи е подетално прикажана во прилог на овој Извештај. Може да се заклучи дека состојбата на сметката е поволна за здружение од ваков карактер и овозможува покривање на проектираните трошоци во тековната година, но со оглед на карактерот на конференцијата EUROCK2026 ќе бидат потребни значителни дополнителни средства. Со оглед на константните одливи поврзани со континуирано присуство во значајни меѓународни асоцијации од областа на геотехника, покривањето на школарини на студенти на прв и втор циклус студии, иако свесни и за други околности на работа во услови, се апелира за редовно покривање на корпоративните членарини на фирмите во ДГМ.

## 4. ЗАВРШНИ СОГЛЕДУВАЊА

Во рамките на овој Извештај, направен е осврт на активностите на ДГМ во текот на 2025 год. Како што можеше да се види, продолжено е со соработка со сродни друштва и институции, како и со одржување на настани, а посебен акцент е даден на меѓународното присуство и учеството на млади геотехнички инженери. Етаблираните конекции со меѓународните друштва за механика на почви и механика на карпи, добивањето на можности за организирање на значајни настани на Европско тло, и постојаната комуникацијата со сродните друштва во светски рамки, го одразуваат успешното делување и работа на друштвото во големата геотехничка заедница во Европа и пошироко. Се цени дека зад нас е уште една плодна година, која го потврди ДГМ во значаен регионален партнер и сè повеќе препознаен во интернационални рамки. Имајќи го сето ова предвид, изразувам благодарност за пружената поддршка и реализираната работа до сите членови на Друштвото, која верувам дека ќе остане константа.

Со почит,

Претседател,

П. Игор

проф д-р Игор Пешевски

ДГМ
MAG

ДРУШТВО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА
MACEDONIAN ASSOCIATION FOR GEOTECHNICS

**Годишен финансиски извештај за
ДРУШТВО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА
за 2025 година**

| **Ставка** | **Износ [ден.]** |
|---|---:|
| **Приходи остварени во период од 01.01.2025 до 31.12.2025** | **3.263.116** |
| **Расходи остварени во период од 01.01.2025 до 31.12.2025** | **978.940** |
| **Разлика на приходите над расходите** | **2.284.176** |
| | |
| **Вкупниот приход е остварен по основ:** | |
| Пренесен приход од минатата година | 2.102.201 |
| Членарини | 0 |
| Приходи од котизации | 0 |
| Приходи од услуги | 99.475 |
| Позитивни курсни разлики | 52.280 |
| Приходи од спонзорства | 1.009.160 |
| **Вкупно** | **3.263.116** |
| | |
| **Расходот е по основ:** | |
| Набавка на материјали | 16.902 |
| Провизија | 38.096 |
| Членарина во здруженија | 77.822 |
| Правни и сметководствени услуги | 17.362 |
| Сместување на гости | 182.870 |
| Веб дизајн | 72.688 |
| Угостителски услуги | 119.620 |
| Домен | 799 |
| Веб мастер за ЕУРОК2026 | 154.107 |
| Изработка на материјали и видеоанимација | 27.688 |
| Негативни курсни разлики | 42.680 |
| Печатење | 3.540 |
| Веб сервиси | 11.780 |
| Конференција Австрија - млади геотехничари | 74.190 |
| Конференција Австрија - котизација Мила Смиљановска | 22.194 |
| Симпозиум Хрватска - котизација Тони Китановски | 30.831 |
| Лиценца ConftoolPro | 42.538 |

| | |
|---|---|
| Патни трошоци | 38.830 |
| Други трошоци | 4.403 |
| **Вкупно** | **978.940** |

Лице одговорно за составување на финансиски извештај за 2025,

Потпис

Лице одговорно за потпишување на финансиски извештај за 2025,

Потпис

Во Скопје, 31.12.2025 год.

Врз основа на член 16 од Статутот на Друштвото за геотехника на Македонија (ДГМ), Собранието на ДГМ на својата Седница одржана на ден 27.2.2026 год. донесе

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА РАБОТА НА ДГМ

# ЗА 2026 ГОДИНА

## Член 1

Годишниот план за работа на ДГМ ќе се реализира преку вршење на дејностите дефинирани во Статутот на ДГМ (во натамошниот текст: Статут).

## Член 2

ДГМ ќе ја организира и остварува својата активност во тек на годината континуирано.

## Член 3

ДГМ ги планира остварувањето и развојот на дејностите за кои е основано во согласност со средства од самофинансирачки активности, членарини, донации и сл.

## Член 4

ДГМ ќе остварува соработка со сите придружни членки, високообразовни и научни установи и Комората на овластени архитекти и овластени инженери, Стопанската комора на Македонија, Инженерската институција на Македонија и Институтот за стандардизација согласно со Статутот и Одлуките на Извршниот одбор (ИО) на ДГМ, врз основа на потпишани меморандуми за соработка.

## Член 5

Дел од планираните активности за 2026 год. се:

(1) Доуредување на web страната на ДГМ со нови содржини и редовно освежување со податоци.

(2) Одржување на LinkedIn профилот.

(3) Организација на семинар „Самодупчечки шупливи анкери согласно EN 1997: проектирање, изведба и испитување на микроколови, почвени анкери и геотехнички сидра“ на 18.2. во Комората на овластени архитекти и овластени инженери.

(4) Организација на стручно предавање во кооорганизација со Здружение на рударски и геолошки инженери, на тема анализа на стабилност кај рударски копови и одлагалишта, планирано за средина на 2026.

(5) Обемни задачи и делувања за организација и одржување на EUROCK2026 во Скопје.

(6) Продолжување на активности за организација на $7^{\text{ми}}$ ReSyLAB 2027.

(7) Продолжување на активности за ко-организација на меѓународна конференција со Хрватско геотехничко друштво за 9ICEGE во 2029.

(8) Во соработка со Одделението за геотехника при КОАОИ ќе се организираат повеќе активности: организирање на настани во рамки на „Геотехнички денови";

(9) Учество на трилатерален состанок на наши млади геотехничари заедно со колеги од Австриско и Германско геотехничко друштво.

(10) Учество и застапеност на значајни меѓународни и регионални геотехнички и геоеколошки конференции: PMGEC (Бејрут), IYGEC, ICSMGE, Хрватско геотехничко друштво (Сплит), ИндИС (Нови Сад), EGRWSE (Индија) итн.

(11) Членови на ИО на ДГМ ќе земат учество на редовните состаноци на Советот на ISSMGE и состаноци на европските друштва на ISSMGE и ISRM.

(12) Продолжување со учество во работата на ТК 11 при ИСРСМ.

(13) Ќе продолжи учеството на членови на ДГМ во работата на ТК при ISSMGE и комисии при ISRM.

(14) Вклученост во формирањето на меѓународните последипломски студии MaStER_G.

(15) За потреби на користење на точна стручна терминологија, ќе се продолжи со ажурирање и преведување на лексиконот на ISSMGE, од страна на Одделението за млади геотехничари.

(16) Активности за промоција на студиите по геотехничко инженерство, преку телата на ГФ и самостојно преку членовите на ДГМ.

(17) Информации за случувањата ќе се објавуваат и на интернет-страната mag.net.mk, која ќе продолжи да се одржува од страна на Одделението на млади геотехничари, како и на LinkedIn профилот на ДГМ.

**Член 6**

ДГМ ќе продолжи со организирање на предавања на истакнати стручњаци од регионот и пошироко, тркалезни маси, семинари, презентации, обуки од интерес на членовите на Друштвото, за што редовно ќе ги информира по електронски пат (е-пошта, интернет-страница, и сл.).

Членовите на ДГМ ќе се заложат за издавање на универзитетска литература од областа на геотехниката.

**Член 7**

Членовите на ДГМ ќе учествуваат со свои трудови на симпозиуми, конгреси и други научни и стручни собири во земјата и странство од кои засега е потврдено учество на:

- IYGEC – Грац (јуни)
- ICSMGE – Виена (јуни)
- LARMS2026 - X Latin American Congress on Rock Mechanics - an ISRM Regional Symposium, Бразил, Август 2026.
- ARMS14 – 14$^{th}$ Asian Rock Mechanics Symposium - Rock Mechanics for the Next Generation – Innovations, Sustainability, and Resilience - во Фукуока, Јапонија, Ноември 2026.

Членовите на ДГМ се охрабруваат да земат учество и во работата на техничките комитети при меѓународните друштва, а преку најава и номинација од претседателството на ДГМ.

**Член 8**

ДГМ ќе пружи поддршка и во услови на неповолни појави во природата или општеството кои загрозуваат животи и материјални добра, а кои се во домен на неговата дејност.

**Член 9**

ДГМ ќе врши и други работи утврдени со закон, Статутот и другите акти на ДГМ.

**Член 10**

Средства за реализација на активностите на ДГМ се обезбедуваат врз основа на:

- вршење образовни услуги на домашни и странски физички и правни лица;
- вршење високостручни услуги (изработка на проекти, страгегии, студии, ревизии, мислења, експертизи, мислења и сл.) на домашни и странски физички и правни лица;
- партиципација од членарини и уплати од придружните членки;
- приходи од котизации;
- приливи од спонзорства и финансиско-материјални поддршки;
- други извори.

**Член 11**

Одлуката влегува во сила со денот на усвојување на Годишното собрание на ДГМ.

Претседател на ДГМ,

П. Игор

Проф. д-р Игор Пешевски